373.313.21+373513.21:93

Светозар НАУМОВСКИ

# МЕТОДСКИ ПРИРАЧНИК ЗА НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА (МЕТОДИКА ЗА НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА)
## „Просветно дело", Скопје, 1991

Трудот „Методски прирачник за наставата по историја (методика за наставата по историја)", од проф. д-р Светозар Наумовски, што се појави во издание на „Просветно дело" од Скопје, опфаќа 96 страници основен текст (заедно со забелешките) и уште 38 страници библиографски прилог за методиката на наставата по историја. Приведениот библиографски прилог од вкупно 541 единица и големиот број забелешки за ползуваните извори покажуваат дека авторот ги консултира нужните релевантни извори за оваа проблематика, така што можел на еден збирен и прегледен начин да ги изложи основните проблеми на методиката на наставата по историја.

За наставниците по историја во основното и во средното образование, како и за оние што се подготвуваат за наставници по оваа наставна дисциплина (студентите), од еднакво важно значење се и два дела на кои е методолошки поделен трудот: првиот, во којшто предмет на научна обработка се теоретско-методолошките проблеми на наставата по историја, и вториот, во кој се поместени библиографските прилози за оваа значајна наставно-научна дисциплина.

По кусото и прегледно излагање за потребата од планирање на наставата по историјаи на основните видови планирање (макро и микро планирање), авторот се задржува на наставните облици (форми) во наставата по историја, укажувајќи издвоено на фронталната, групната и индивидуализираната форма на наставната работа. Предмет на натамошна интерпретација на авторот се различните видови на наставни методи, како што се монолошкиот и дијалошкиот метод, текст-методата и методот на демонстрација, без чија соодветна и целисходна примена организацијата на наставниот час по историја е невозможна.

Во продолжение на текстот, а во делот во којшто се осветлени основните аспекти и тешкотии во врска со организацијата на наставата по историја, заинтересираните можат да ги најдат потребните упатства од кои се гледа дека организацијата на наставата по овој наставен предмет, како и воопшто на сета наставно-научна работа е еден вонредно сложен процес во кој се содржи многу трпение во секоја од трите основни фази на работата: (1) изучувањето (запознавањето) со новата наставна материја, (2) повторувањето, обопштувањето, утврдувањето и систематизацијата на наставното градиво, и (3) проверувањето и оценувањето (контролата) на учениците за изминатата материја.

Историјата, како најопшта општествена наука, ги изучува нас-

таните на минатото во нивната конкретна и хронолошка (просторно-временска) даденост и последователност. Но, изучувањето на минатото не треба да се сведе на упростена хронологија на настаните, односно на „голи факти“, како што правилно забележува авторот. Таквиот погрешен пристап во изучувањето на историското минато не спомага „за развивање на историското мислење кај учениците“. Полезноста на ова наставно помагало произлегува и од фактот што е укажано на сите оние делотворни теориско-методолошки пристапи и постапки што придонесуваат да се разбере сета сложеност на историското движење како органски и закономерен процес на промени и преобразувања.

Усвојувањето на наставната материја по историја не може да биде целосно и успешно соползување само на учебникот по историја, иако неговото значење е сепак пресудно. Значајна е употребата на историската читанка, која треба да биде во функција на проширување на знаењата. Авторот укажува на целисходното значење и на редицата други начини и нагледни средства, како што се сеќавања на живите учесници, посетата и запознавањето со знаменити места при изучувањето, особено на роднокрајната историја; употребата на визуелните, аудио-визуелните и аудитивните наставни средства; примената на техничките наставни средства; потоа предностите што ги обезбедува употребата на дијафилмот како наставно-нагледно средство, посетата на музеите, организирањето на екскурзии, формирањето на секции за изучување на историјата и сл.

Поместувањето на библиографскиот прилог (како втор дел на прирачникот) се покажува оправдано, меѓу другото, и заради тоа што меѓу прилозите што ја третираат методиката на наставата по историја, публикувани во списанието „Просветно дело“ од Скопје, „Наставна историја — настава повијести - наставата по историја — поук зговодине“ од Загреб, „Просветен работник“ од Скопје и во списанието „Историја“, органот на Сојузот на историските друштва од Република Македонија, најголемиот дел се од поново време и во нив, се изложени најновите сознанија за сложената проблематика на наставата по историја. Заради тоа библиографскиот прилог претставува драгоцено информативно помагало за наставниците, студентите, учениците и за сите други заинтересирани за оваа проблематика.

Прирачникот на д-р Светозар Наумовски „Методски прирачник за наставата по историја (методика за наставата по историја)“, иако скромен по бројот на страниците, ги поседува сите неопходни елементи на едно стојносно методско помагало. За сите наставници, и за другите што од професионални или кои било причини ги интересира комплексната проблематика на наставата по историја, овој прирачник е незаобиколиво помошно наставно помагало кое вонредно многу ќе им ја олесни работата особено на наставниците и ќе спомогне за подигнување на нивото на наставата по историја и за полесно усвојување на наставното градиво по овој предмет.

Христо ХРИСТОВ